| Кратко резиме | | Modern marketing is an efficient tool for creating value for the consumers and building profitable relationships with the consumers. It all starts with understanding the needs and desires of the consumers, in order to come up with a solution for the target markets that the company can serve best and for the development of an obligatory valuable product by which the organization can acquire, maintain and develop target markets. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | 7-ми октомври 2016 |
| Место | | Софија, Бугарија |
| Конференција | | Twelfth international scientific conference UNIVERSITY FOR NATIONAL AND WORLD ECONOMY FACULTY "International economy and politics" |
| Наслов на трудот | | Change Management, a Factor for Development of International Business in the Business Environment |
| Кратко резиме | | The existence of effective, professional and independent managers is of crucial importance for the development of modern change management, an appropriate response to the modern management challenges and implementation of the practices of modern management, thus creating the conditions for the development of the economy and the public sector. The managers are the ones who direct the functioning of their organization in accordance with the strategy and accomplishment of the company's goals. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | 16 – 18 декември 2016 |
| Место | | Банско, Бугарија |
| Конференција | | Eleventh International Scientific Conference – Knowledge in Practice |
| Наслов на трудот | | Marketing communications through social media |
| Кратко резиме | | Nowadays, social media is one of the best available forms of connecting the existing and the potential customers of a certain brand. These new media earn the customers trust by connecting with them on a whole new level. Marketers take into account all the different opportunities offered by social media and start implementing new social initiatives in their work much faster now. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јуни 2016 |
| Место | | Белград, Србија |
| Конференција | | Eighth International Scientific Conference On „Конфликтна Глобализација – Нови Свет у настајању“ |
| Наслов на трудот | | Content of Globalization as an Economic Panorama in the Integrated Communication Processes |
| Кратко резиме | | One of the most important upturns that introduced the new dimension of globalization relates to the electronic internet revolution which generates the rapid pace at which information is exchanged. The Internet along with the entirety of the technological, cultural and institutional environment is the foundation stone of the so-called "new economy" which essentially does not exist, albeit there are some new techniques and technologies in terms of production and distribution. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јуни 2017 |
| Место | | Белград, Србија |
| Конференција | | 9th International scientific-expert conference "Social actors facing the challenges of information technology in the search for a new vision of social peace" |
| Наслов на трудот | | Dynamic economy, model of sustainable socio-economic changes |
| Кратко резиме | | The effects of the modern era and the phenomenon of the current global situation are a confirmation that without mutual activities of the entire community there cannot be efficient resolution of the matters which require the social actors before the upsurge of the new technologies and opportunities for interpersonal communication and transfer of acquired knowledge and skills. The inevitability of changes, increased dynamics of the economic flows, forcing economic stability and labor allocation within global economy all essentially require a new model of activity in regard to socio-economic changes. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Февруари 2017 |
| Место | | Скопје, Република Северна Македонија |
| Конференција | | Трета меѓународна конференција за климатски промени "Одржлив развој за одржлива иднина" - ФОН Скопје |
| Наслов на трудот | | Knowledge and Change Management as Factors for Business Success and Development |
| Кратко резиме | | Many consider that the basic precondition for success in the 21st century is knowledge and investing in human resources. Back in the days, investing in knowledge and human resources was considered to be an expense. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Nevertheless, nowadays when quality human resources are the basis for development of enterprises and economy in general, this stance is completely disregarded because the labour productivity, being one of the most important indicators for economic competitiveness, depends greatly on the investments made in labour and continuing education of the employees. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Мај 2017 |
| Место | | Белград, Србија |
| Конференција | | Sixth international scientific conference on market communications "Powercomm 2017" Political communication, public opinion regarding new challenges |
| Наслов на трудот | | Positioning Communications as a Global Phenomenon – Are Needs and Desires Decisive |
| Кратко резиме | | Positioning communications in public opinion policies represents a global phe- nomenon which requires the method of prediction and analytical research. Therefore, there is a necessity for bidirectional relation in communication or an entirety of research and thematic prediction. Communication is directed towards the future and there is one basic rule for this – use or lose. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | 27 -28 октомври 2017 |
| Место | | Бања Лука, Босна и Херцеговина |
| Конференција | | 7th International Scientific Conference on economic development and standard of living "EDASOL 2017 - Economic development and Standard of living" |
| Наслов на трудот | | Entrepreneurial marketing research of small and medium - sized enterprises |
| Кратко резиме | | Entrepreneurial marketing is a function which makes the buyers of a certain product or service feel satisfied, while the customer satisfaction per se and the act of buying certain products or services lead to improvement of the standard of living and the quality of life. In order to achieve successful market performance, it is necessary to have access to relevant information. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | 20 октомври 2017 |
| Место | | Софија, Бугарија |
| Конференција | | Fourteenth International Scientific Conference, The Membership of Bulgaria in the European Union: Ten Years Later |
| Наслов на трудот | | The impact of reward systems on motivation and job satisfaction of employees in outsourcing companies |
| Кратко резиме | | This paper examines the impact of reward systems on motivation and job satisfaction of employees in |

| | | |
|---|---|---|
| | | outsourcing organizations, firstly by considering the term reward management, the elements constituting the reward system and the factors that affect it, then through the various theories and strategies of motivation as well as the effects caused by job satisfaction. This paper also considers the term outsourcing, the current and future trends of this concept. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јули 2018 |
| Место | | Скопје |
| Конференција | | Меѓународно списаније за општесвени науки, "VIZIONE " Скопје ISSN: 1409-8962- printed from, ISSN: 1857-9221- electronic form. *Open Access Journals, EBSCO* / www.visionsmagazine.org – бр. 29 |
| Наслов на трудот | | Management and marketing channels development |
| Кратко резиме | | Успешното креирање на вредноста бара успешно испорачување на вредноста. Холистичните лица што вршат маркетинг се повеќе го застапуваат стојалиштето за воспоставување мрежа на вредности во своите бизниси. Наместо да го ограничуваат своето внимание на своите непосредни добавувачи, дистрибутери и потрошувачи, тие го испитуваат целокупниот синџир на снабдување што ги поврзува суровините, компонентите и произведените стоки и покажуваат како им се доближиле на крајните потрошувачи. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јули 2018 |
| Место | | Скопје |
| Конференција | | Меѓународно списание за општествени науки, "VIZIONE " Скопје ISSN: 1409-8962- printed from, ISSN: 1857-9221- electronic form. *Open Access Journals, EBSCO* / www.visionsmagazine.org – бр. 29 |
| Наслов на трудот | | Regional development and competitive relations in the western Balkans |
| Кратко резиме | | Примарно, регионите претставуваат географски определени места коишто имаат свои карактеристики по коишто се препознатливи. Имено, секој регион е со свое име и за него се врзуваат одредени економски, стопански или социо-општествени дела. Регионалниот развој претставува почетокот на економските процеси и содржи поттикнување на искористувањето на ресурсите во помалку развиените региони, со цел да се постигне целокупен одржлив економски развој на регионот, во согласност со вредностите и очекувањата на бизнисите, граѓанитете и посетителите. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јули 2020 |
| Место | | Скопје |
| Конференција | | Меѓународно списание за општествени науки, "VIZIONE " Скопје ISSN: 1409-8962- printed from, ISSN: 1857-9221- electronic form. *Open Access Journals, EBSCO* / www.visionsmagazine.org – бр. 35 |
| Наслов на трудот | | Финансиски придобивки од користење на крипто валути во Република Северна Македонија - Financial gains from the use of criptocurrencies in Republic of North Macedonia |
| Кратко резиме | | Крипто валутите претставуваат нова димензија на паричните средства. Сепак, Република Северна Македонија не спаѓа во таа група на земји каде што е дозволено користењето на овие валути, и за таа цел се наведени причините поради коишто македонските регулативни институции се насочени кон овие валути со голема доза на скептицизам. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јули 2020 |
| Место | | Скопје |
| Конференција | | Меѓународно списание за општествени науки, "VIZIONE " Скопје ISSN: 1409-8962- printed from, ISSN: 1857-9221- electronic form. *Open Access Journals, EBSCO* / www.visionsmagazine.org – бр. 35 |
| Наслов на трудот | | Намалување на финансиски криминал со помош на форензичко сметководство - Decreasing financial crime with the aid of forensic accounting |
| Кратко резиме | | Неточното прикажување на податоците во сметководствените извештаи претставува свесно или несвесно манипулирање во сметководствената евиденција. Манипулирањето со сметководствените податоци стана практика како во малите, така и во големите компании. Еден од начините на борба против такви проневери и манипулации е развивање на областа на форензичното сметководство. Форензичното сметководство е специфична област која би требало да оспособи кадар со мултидисциплинарен капацитет. |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Јули 2020 |
| Место | | Скопје |
| Конференција | | Меѓународно списание за општествени науки, "VIZIONE " Скопје ISSN: 1409-8962- printed from, ISSN: 1857-9221- electronic form. *Open Access Journals, EBSCO* / www.visionsmagazine.org – бр. 35 |
| Наслов на трудот | | Улогата на инвестициските фондови во развојот на финансискиот пазар во Република Северна Македонија - The role of investment funds in the |

| | | |
|---|---|---|
| | | financial market development in Republic of North Macedonia |
| Кратко резиме | | Пазарот на капитал не би ги извршувал своите функции во најдобра смисла без постоењето на институционалните инвеститори. Суштината на институционалните инвеститори се состои во тоа што на инвеститорите им нудат хартии од вредност за нивниот капитал, додека хартиите од вредност можат да се чуваат на неопределено време или веднаш да се продадат. Појавата на институционалните инвеститори ја поврзуваме со брзиот развој на пазарот на капитал и сѐ поголемата улога на глобализацијата во финансиското посредување. |

## 3. УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, ОБУКИ, ПРОЕКТИ И ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | ОБСЕ (Организација за Безбедност и Соработка во Европа) |
| Дата (од - до) | | 28 Март 2003 до 30 Март 2003 |
| Настан | | Конференција за Лидерство на Скопската Младина |
| Место | | Скопје - Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | NDC (Nansen Dialogue Center) |
| Дата (од - до) | | Мај 2003 |
| Настан | | Вештини за Разрешување на Конфликти |
| Место | | Скопје - Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | ISUM - International Summer University Macedonia |
| Дата (од - до) | | 7 Јули 2008 до 20 Јули 2008 |
| Курс | | Меѓународен Бизнис |
| Место | | Охрид - Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | ELSA - The European Law Students' Association |
| Дата (од - до) | | 27 Ноември 2008 до 30 Ноември 2008 |
| Курс | | Legal challenges of the cyber space |
| Место | | Струмица - Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| Организација | | Strategic Development Consulting - Business Inclusion Project in Multi-Ethnic Communities |
| Дата (од - до) | | 29 Октомври 2015 |
| Настан | | Workshop on Financial Management for start-up Businesses |
| Место | | Скопје - Македонија |

## 4. РАБОТНО ИСКУСТВО

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Септември 2010 до мај 2012 |
| Име и адреса на работодавач | | ФОН Универзитет, ул. Киро Глигоров бб 1000 Скопје |
| Вид на бизнис сектор | | Образование, Универзитет |
| Работно место | | Практикант |
| Активности и одговорности | | Помлад асистент |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Мај 2012 до декември 2015 |
| Име и адреса на работодавач | | ФОН Универзитет, ул. Киро Глигоров бб 1000 Скопје |
| Вид на бизнис сектор | | Образование, Универзитет |
| Работно место | | Помлад асистент |
| Активности и одговорности | | Помлад асистент |

| | | |
|---|---|---|
| Дата (од – до) | | Декември 2015 до денес |
| Име и адреса на работодавач | | ФОН Универзитет, ул. Киро Глигоров бб 1000 Скопје |
| Вид на бизнис сектор | | Образование, Универзитет |
| Работно место | | Наставник |
| Активности и одговорности | | Наставник |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци и деталното анализирање на сите сегменти од научното делување на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Лазар Арсовски е подобен и во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и одредбите од Статутот на Американски универзитет на Европа – ФОН, за избор на наставник од научната област финансии и научната област маркетинг; има одбрането докторски труд во соодветната област, а преку учеството на меѓународни и домашни конференции и семинари од областа на економијата постојано го надоградува своето знаење, и истото успешно го пренесува на студентите во рамките на наставата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека доц. д-р Лазар Арсовски во целост ги задоволува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со статутарните акти на Американскиот универзитет на Европа - ФОН да биде избран за вонреден професор од научната област финансии (50326) и научната област маркетинг (50325).

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН, да го избере кандидатот **доц. д-р Лазар Арсовски** за вонреден професор од научната област финансии (50326) и научната област маркетинг (50325).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. проф. д-р Мирко Трипуноски с.р.**

______________________________

**2. проф. д-р Благоја Спиркоски с.р.**

______________________________

**3. проф. д-р Саво Ашталкоски с.р.**

______________________________

Скопје, септември 2020

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН - Скопје**
**ФАКУЛТЕТ ЗА СПОРТ И СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**

**До ННС на Факултетот за спорт и спортски менаџмнет**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА НАСТАВНИК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

## ПОДАТОЦИ ЗА КОНКУРСОТ, КОМИСИЈАТА И КАНДИДАТИТЕ

1. *Одлука за распишување на конкурсот, органот и донесување на одлука*
   **Конкурсот е распишан со одлука на седницата НН Совет на Факултетот за спорт и спортски менаџмент одржана на 30.06.2020 година.**
2. *Датум и место на објавениот конкурс*
   **Конкурсот е објавен на 16.04.2020 година во весникот Нова Македонија, Скопје.**
3. *Број на наставници кои се бираат, звање и потесни научни области за кои е распишан конкурсот*
   **Еден наставник во сите звања и на работно место наставник на универзитетот во потесна научна област Применета кинезиологија (50401) и друго – спортски менаџмент (50403).**
4. *Одлука за формирање на комисија*
   **Одлуката за формирање на комисија за избор во сите звања донесена е на ННС на Факултетот за Спорт и спортски менаџмент на 30.06.2020 година.**
5. *Состав на комисијата со име и презиме на секој член, звање и потесна научна област:*
   1. **Др. Магдалена Дамјановска, Редовен професор, потесна научна област Кинезиологија, Факултет за спорт и спортски менаџмент – Скопје, претседател,**
   2. **Др. Роберт Димитровски, Редовен професор, Институт за менаџмент на знаењето, Скопје, член,**
   3. **Др. Александар Поповски, Редовен професор, потесна научна област Кинезиологија, Факултет за спорт и спортски менаџмент, Скопје, член.**

## II БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТИТЕ

1. *Име, име на едниот родител и презиме*:
   **Тања Стевчо Китановска**
2. *Звање*
   **Доцент**
3. *Датум и место на раѓање, адреса*:
4. **08.10.1980, Куманово, Македонија, ул. Тоде Думба, бр. 92/5**

5. *Високообразовна установа во која моментално е вработен и професионален статус:*
**Факултет за спорт и спортски менаџмент, Доцент, Скопје**

6. *Година на упис и завршување на високото образование, универзитет, факултет, стечен стручен односно академски назив*:

А)***Основни студии – 2003год.*****Дипломиран спортски менаџер со професионална квалификација ТРЕНЕР ПО СПОРТСКИ ТАНЦИ. Дипломирала на тема: „Оптимизирање на тренажниот процес по Стандардни танци на 12-15 годишни натпреварувачки во Р. Македонија“.**Национална Спортска Академија „Васил Левски“ Софија, Р. Бугарија,

Б) ***Магистерски студии – 2005год.*****МАГИСТЕР ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ. Магистрирала на тема: „Функционална асиметрија на ученици кои се занимаваат и кои не се занимаавaат со спортски танци во Р. Македонија“.** Национална Спортска Академија „Васил Левски“ Софија, Р. Бугарија,

В) ***Докторски студии*– 2014год. Докторирала на тема: „Менџмент на мркетингови стратегии на студентски спорт“. Нучно подрачје: Општествени науки. Потесно научно подрачје Педагогија, Катедра „Менаџмнет и историја на спортот“.**

7. *Професионална област*
   - Национален лиценциран судија по спортски танци, издадена врз основа на Законот за спорт на РМ., број:12-18/23.02.2008 ;
   - Од 2004 година – соработката сеуште трае, Тренер на Танцов спортски клуб „Динамик“ Куманово;
   - 2005-2007 година, надворешен сорабптник по спортски игри и танци на деца од предучилишна возраст во градинката „Ангел Шајче“ во Куманово;
   - Од 2005-2007 година, учесник во тимот за анкетирање и мониторинг за успешност на работата во средните училишта низ Р. Македонија – USAID;
   - Од 2007 година асистент на Факултетот за спорт и спортски менаџмент на Прввиот Приватен Универзитет ФОН - Скопје;
   - Од 2010 година, Претседател на Танцов Спортски Клуб „Динамик“ Куманово;
   - Од 2010 година, член на Општински Сојуз на спортови, Куманово;
   - Од 2015 година, Доцент на Факултетот за спортски менаџмент на Првиот Приватен Универзитет ФОН – Скопје.
   - Мастер лиценца за Танцов спортски тренер, издадена врз основа на Законот за спорт на РМ, 01.06.2019 г., број 15-19/20.02.2019.

8. *Место и траење на специјализација и студијски престој во странство*
**Двегодишни дополнителни специјалистички студии (2003-2005) на Националната Спортска Академија „Васил Левски“, во текот на четиригодишните основни студии. Тема на специјалистичкиот труд: „Можности за оптимизирано управување на клуб по спортски танци“.**

9. *Знаење на странски јазици*
**Средни ниво Англиски јазик;**
**Високо ниво Бугрaрски јазик;**

10. *Информатика*
**Познавање и работа со WORD, EXEL и POWER POINT.**

**III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

**Научно истражувачки трудови објавени во последните пет години:**

1. **Kitanovska Stojkovska T**., *„Social and Market Component of Sports in Primary Education in the Republic of*

*Macedonia*", Activities in Physical Education and Sport. International journal of scientific and professional Issues in physical education and sport, Veles, APES 2017, Vol.7, №2, pp.177-179. (ISSN 1857-8950).
http://fsprm.mk/wp-content/uploads/2019/07/Pages-from-APES-2-2017-19.pdf
https://fsprm.mk/apes-2017-vol-7-no-2/

2. **Kitanovska Stojkovska T., Pantekovska C. L.**,„*Analyses for establishing conditions for managing sport activities at the Universities – Republic of Macedonia Case Study*", International May Conference on Strategic Management – IMKSM17, May 19-21, 2017 Bor, Serbia, p. 288-293.
https://menadzment.tfbor.bg.ac.rs/wpcontent/uploads/2017/07/Book_of_Proceedings_IMKSM17.pdf
3. **Kitanovska Stojkovska, T., Pantekovska, L.**, „*Motives of users towards fitness services and factors that influence the choice of fitness center – in the role of residents and tourists*", International magazine for social sciences „Vizione" 33/2019, Skopje, pp.393-405. – линк до списанието и трудот: https://drive.google.com/file/d/1szpplCn1P0KO_t_sU2Ha0pcnsRUvXZg2/view
4. **Kitanovska Stojkovska, T.Gjorgjiev, D.**, „*Methodical approach management and modern assessment of sports activities for students at secondary schools*",International journal „Knowledge", Vol.31.2, June 2019 Skopje, pp.607-615.
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/1155/1079
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/issue/view/24
5. **Liza C. Pantekovska, Tanja Kitanovska–Stojkovska,** „*Quality of sport and recreational services in tourism od Struga region (R. Macenonia) – Application of adopted serqual model*", International May Conference on Strategic Management – IMKSM17, May 19-21, 2017 Bor, Serbia, p. 262-270. https://menadzment.tfbor.bg.ac.rs/wpcontent/uploads/2017/07/Book_of_Proceedings_IMKSM17.pdf
6. **Pantekovska C. Liza, Dalibor Dimovski, Kitanovska S. T.**, „*Participation of sports – animative contents in the structure of the leisure time to the student – tourist*", Knowledge International Journal, Vol. 23.5, with Global Impact Factor 1.322, Budva, Montenegro, p. 1683-1690, May, 2018.
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/1732/1639
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/issue/view/38
7. **Pantekovska C. Liza, Kitanovska S. T.**, „*Assessment of motivation related to participation in outdoor sport tourism activities: through the example of students from Private High School "Yahya Kemal"-Struga*", Knowledge International Journal, Vol. 35.6, p. 2129-2136, Bansko, 2019.
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/2625/2505 ;
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ
8. **Kitanovska Stojkovska, T., Pantekovska, L.**, „*Program activities through sport dances – animation and recreation*", International journal „Knowledge", Vol.35.6, p. 2167-2172, Bansko 2019.
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/2630/2510;
https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ

## IV ПЕДАГОШКИ СПОСОБНОСТИ И ПРИДОНЕС ВО НАСТАВАТА

1. Сегашна наставна работа (за избор во повисоко звање на наставник – вонреден професор)
Назив на додипломската студиската програма, предметите, (модулите, курсевите), година на студиската програма и фонд на часови по семестри и предмети):
Модул Спорт и физичко образование и спортски менаџмент (општо):
    1. Вовед во кинезиологија,прва година – прв семестар, фонд 2+2 часови;
    2. Универзитетски предмети: Споорт I прва година – прв семестар, Спорт II, прва година – втор семестар, прфонд 0+3, I год. прв семестар;
    3. Управување на спортот во образованието, прва година – втор семестар, фонд 3+3;
    4. Спортски маркетинг, втора година – четврти семестар, фонд 2+3;

5. Менаџмент на спортски случувања, трета година – пети семестар, фонд 2+3;
6. Администрација во спортот, четврвта година – седми семестар, фонд 2+3;
7. Морал и етички аспекти во спортот, трета година – шести семестар, 2+3.

2. Назив на програма, предметите (модулите, курсевите), година на студиската програма и фонд на часови по семестри и предмети), на Магистерски студии:

   Модул Спорт и физичко образование и спортски менаџмент (општо):

   1. Спорт за сите, пета година – деветти семестар, 2+3;
   2. Менаџмент на маркетинг стратегии на спортот во образованието, пета година – десети семестар, 2+3;
   3. Безбедносен менаџмент во спортот; пета година – десети семестар, 2+2.

## V РАКОВОДЕЊЕ И МЕНТОРСТВО ВО ИЗРАБОТКА НА ЗАВРШНИ РАБОТИ

1. **Дипломски работи –** една диполмска работа во процедура.
2. **Специјалистички трудови –** еден специјалистички труд во процедура
3. **Дипломски – мастер трудови –** еден магистерски труд одбранет и еден во процесура.

## VI ПРИДОНЕС ВО АКАДЕМСКАТА И ПОШИРОКА ЗАЕДНИЦА

1. Член во Комисија за признавање на испити при Факултетот за спортски менаџмент – ФОН Универзитет од 2015 год.;
2. Член на ННС при Факултет за спортски менаџмент – ФОН Универзитет од 2007 г;
3. Претседател на комисијата за самоевалуација на Факултетот за спортски менаџмент од 2017 год.;
4. Член во комисија за уписи на студенти.
5. Член на Сенат при АУЕ – ФОН од 2019.

## VII АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА КАНДИДАТОТ

**Однапред наведените податоци, како и познавањето на работата на кандидатот и дозволува на Комисијата да заклучи дека се работи за кандидат кој поседува успешена наставно-педагошка работа, кандидат кој своите научно-истражувачки способности успешно ги интегрира во образовниот процес. Кандидатот Тања Китановска Стојковска поседува коректен, праведен, критички и педагошки исправен став кон студентите и колегите, што е одлика на добар наставник. Ваквиот став и способност за наставна работа придонесува за поволно мислење на студентите за кандидатот во образовниот процес. Кандидатот совесно ги исполнува своите работни обврски, така што со својата работа и однесување ужива углед, доверба и поддршка во средината во која работи. Кандидатот има самокритичен однос кон сопствената работа, а во воспоставувањето соработка со потесната и поширока средина во која работи покажува кооперативност и одлична комуникација.**

**Анализата на објавените трудови ни дозволува да заклучиме дека кандидатот доста добро владее со методите на анализа, управување, статистичко заклучување и имплементација на добиените резултати во праксата, односно наставната работа.**

**Публикуваните научни и стручни трудови како и учевството на домашни и**

меѓународни научни собири, укажува дека се работи за наставник и научен работник кој има потенцијал за унапредување на научната мисла.

Според тоа, работното искуство во образовниот процес, научно-истражувачката активност, односот кон колегите и студентите ја чинат успешната универзитетска кариера на кандидатот и овозможуваат на Комисијата да констатира дека кандидатот Тања Китановска Стојковска ги исполнува сите услови за избор во звање вонреден професор во научна област Применета кинезиологија (50401) и друго – спортски менаџмент (50403).

## VIII ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТОТ ВО ОДРЕДЕНО ЗВАЊЕ

Комисијата на Наставно научниот Совет на Факултетот за спорт и спортски менаџмент му предлага кандидатот Тања Китановска Стојковска да се избере во звање вонреден професор во научна област Применета кинезиологија (50401) и друго – спортски менаџмент (50403).

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈТА:

Проф. Д-р. Магдалена Дамјановска, с.р.

-----------------------------------------------------

Проф Д-р. Роберт Димитровски, с.р.

-----------------------------------------------------

Проф. Д-р. Александар Поповски, с.р.

-----------------------------------------------------

**РЕЦЕНЗИЈА**

ЗА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ПО КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

Од авторот доц.д-р Наташа Тодоровска

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за правни и политички науки при Американски универзитет на Европа- Фон во Скопје, од 24.06.2019 година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање ЗА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ПО КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО.

од доц. д-р Наташа Тодоровска, доцент од обласа на казненото процесно право, избрани се Академик проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Стефан Буџакоски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за правни и политички науки при Американски универзитет на Европа- Фон во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Казнено процесно право е задолжителен предмет на Факултетот за правни и политички науки и Факултет за детективи и безбедност при Американски универзитет на Европа - Фон, кој се изучува во трета година во VI семестар. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 430 страни 1,15 големина на фонтот 11. Текстот е поделен на 2 дела општ и посебен дел.

Првиот дел **Општ дел на Кривичното процесно право** е структуиран од 10 поглавја и тоа: 1. Основни поими на казненото процесно право; 2.Историски осврт на казнената постапка; 3. Извори и важење на казненото процено право; 4. Казнено – процесни начела; 5. Казнено - процесни субјекти; 6. Казнено-процесни дејствија; 7. Одлуки во кривичната постапка; 8. Докази и докажување; 9. Доказни средства; Мерки за обезбедување на лица и на предмети во кривичната постапка.

Овој дел е осврт на основните поими на казнената постапка. Секоја глава е поделена со посебни подглавја преку кои се разработуваат теориските поставки на оваа материја. Првата глава која се однесува на основните поими низ подглавјата ги разработува поимите и функциите на казнената постапка, поводите за нејзино подигување како и односот на казнено-процесно право кон другите гранки на правото. Втората глава се однесува на Историски осврт на казнената постапка, додека третот дел се однесува на Изворите и важењето на казненото процесно законодавство. Следната глава се однесува на казнено-процесните начела и тоа поимот, разработка на основните начела, начелата кои се однесуваат на поведувањето и начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка. Петтата глава се однесува на казнено-процесните субјекти со осврт на судот, јавниот обвинител и специјачен јавен обвинител,

обвинетиот и бранителот, приватен тужител, оштетен и жртва, правосудна полиција и меѓуинституционална соработка и правна помош. Шестата глава се однесува на Казнено-процесни дејствија во која се опфатени поимот, видовите, формата, содржината, времето на извршување, роковите и враќање во поранешн состојба. Седмата глава се однесува на Одлуките во кривичната постапка додека осмата глава е посветена на Докази и докажување каде се разработуваат поимот и видовите докази, доказните теории и постапката на докажување. Следната глава која се однесува на доказните средства ги опфаќа поимот за доказно средство, сведок, вештак, исказ на обвинет, увид и реконструкција, снимка и електорнски доказ, посебни истражни мерки, исправи и материјални докази. Последната глава од првиот дел е посветена на Мерки за обезбедување на лица и на предмети во кривичната постапка и е составена од неколку подглавја и тоа: општо за мерките за обезбедување, мерки за обезбедување лица и мерки за обезбедување на предмети.

Вториот дел насловен како Поим и предмет на посебниот дел на Казненото – процесно право е составен од 7 глави и тоа: 1. Обем на казнената постапка; 2. Претходна постапка; 3. Обвинување; 4. Главна расправа и пресуда; 5. Правни лекови; 6. Забрзани постапки и 7. Посебни постапки.

Во вториот дел се дава приказ на стадиумите на казнената постапка. Во првата глава Обем на казнената постапка се дава приказ на стадиумите на казнената постапка. Втората глава насловена како Претходна постапка има две подглавја и тоа предистражна постапка и истражна постапка. Тртата глава насловена како Обвинување ги разработува обвинителниот акт и оценка на обвинителниот акт, обвиниелен предлоги и приватна тужба. Следната глава насловена како Главна расправа и пресуда е составена од две подглавја и тоа главна расправа и пресуда. Петтата глава насловена како правни лекови е поделена на две подглавја и тоа редвони правни лекови и вонредни правни лекови. Шестата глава која се однесува на забрзаните постапки се однесува на скратената постапка, донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот, постапката за медијација и постапката за издавање казнен налог. Последната глава се однесува на посебните постапки и тоа: Постапка за изрекување алтернативни мерки; Постапка спрема правни лица;Постапка за примена на мерките за безбедност, конфискација на имот и имотна корист, одземање на предмети и отповикување на условна осуда; Постапка за донесување одлука за пократко траење на казната на забрана, престанување на правните последици од осудата и бришење на осудата;Постапка за надоместок на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода и Потерница и објава.

Сите три дела со своите поглавја претставуваат една функционална целина. Целокупниот разгледан материјал потребен за изучување на предметот Казнено процесно право се јасно и прецизно образложени.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецезентите ценејќи ги потребните критериуми позитивната оценка ја изнесуваат врз основа на следното: предметиниот материјал е прегледен и јасен во содржинска, јазична и научна смисла; делото соодејствува со предметот за кој е наменето односно целосно покривање на предметната програма по предметот Казнено процесно право;со примената на догматскиот, нормативниот, аналитичко-синтетчкиот метод, компаративниот и историско правниот метод му се дава на делото темелна методска разработка и целина; наведувањето на библиографските единици во користената литература укажуваат на доследно следење на измените на оваа динамична категорија; усогласеноста на терминологијата со постојните законски прописи е од посебен интерес во однос на оргиналноста на делото како и исполнувањето на дополнителните елементи кои го олеснуваат користењето на ова дело преку акти од судкста пракса кои се од посебен интрес на ова дело.

Имајќи ги во предвид изнесените позитивни оценки на за ракописот за учебник по предметот Казнено процесно право од д-р Наташа Тодоровска, доцент од обласга на казненото процесно право, чест ни е да му предложиме на Наставно – научниот совет на Факултет за правни и политички науки при Американски универзитет на Европа- Фон во Скопје да го одобри издавањето на овој учебник.

Рецезенти:

Академик проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

____________________________________

Проф.д-р Стефан Буџакоски, с.р.

____________________________________

д-р Никола Поповски
редовен професор на Факултетот за економски науки
АУЕ-ФОН, Скопје

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

на ракописот на универзитетскиот учебник „***Даночно право***" (прво издание) од авторот ***д-р Сејдефа Џафче***, вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет во Европа - ФОН, Скопје

Текстот на ракописот со наслов „Даночно право", од авторот проф. д-р Сејдефа Џафче, е составен според сите високи стандарди за еден учебник за универзитетски потреби. Во него се обработуваат теоретските и фундаментални прашања што се потребни студентите да ја запознаат проблематиката на даночното право и тоа не само од аспект на современите сфаќања, туку и со нужни компаративни и историски огледи на обработената проблематика. Понудениот текст им дава прекрасна можност на студентите, пред сè од правната наука што овој предмет го имаат во своите програми, да се запознаат и со практичното функционирање на даночното право, особено на истото во нашата земја. Тој, според својата структура и редослед е логично подреден и со сигурност ќе ја исполни неговата основна цел – на студентите по правни науки да им ги пренесе сите потребни сознанија за проблемите на даночното право.

Во текстот на трудот, покрај прегледот на соодветните научни теории и местото на даночното право во правниот систем, поместени се и поглавја за начелата на даночното право што произлегуваат од уставните начела; нужните и основни класификации на даноците, даночно-правниот однос; општите и заеднички прашања на законските претпоставки при оданочувањето; меѓународните аспекти на оданочувањето и елементите на договорите за избегнување на двојното оданочување, како и меѓународната правна помош при оданочувањето и хармонизацијата на даноците; и јавните, особено даночните приходи и придонесите во Северна Македонија со нивно детално елаборирање во нивната целина со елементите на даночните објекти, даночните субјекти (обврзници), даночните основици и даночните стапки, како и даночните ослободување и постапки. Со ваквиот пристап проблематиката на даночното право и неговите бројни елементи се прикажани со целата нивна обемност и сложеност.

На овој начин, проблематиката на даночното право како научна, но и многу сложена практична правна дисциплина е елаборирана во функција на презентација на теоретските основи, практиките, правила и законитостите што се важни за разбирање и совладување на предметната материја. При ова авторот водел сметка да направи јасна дистинкција меѓу теоретското толкување и практичната примена на даночното право, особено во нашата земја. Во таа смисла авторот многу внимателно се изјаснил дека:

*„Предмет на изучување на науката за даночното право претставува: - изучување на позитивните правни норми и прописи (материјални и процесни); - изучување на историскиот развиток на правните норми, развојот на институтите карактеристични*

*за даночно-правната материја; - изучување на насоките на идниот развиток на даночното право; - систематизација на даночно-правните норми и од нив изведување на општи правила и принципи; и слично*",

со што на најдобар можен начин е даден и правецот на следење на целиот труд. Тоа е од исклучителна важност за самите студенти, но и за пошироката читателска публика.

Самиот текст на ракописот за учебник формално е систематизиран во теоретскиот и компаративен Општ дел со свои шест оддели и бројни поглавја и Посебен дел со осум оддели и бројни свои поглавја во кои е детално елаборирана проблематиката на даночното право во Северна Македонија.

Авторот во својот труд презентира оригинално дело кое е обработено на многу современ и приемлив начин и во кое се поместени голем број на сознанија, теории и знаења, илустрирани со богато користена и соодветно цитирана литература, и со табеларни и графички прикази или практични примери што го прават посебен и ефикасен за намената за која е предвиден. Авторот го потенцирал, но и на одличен начин успеал да ги презентира целите што ги поставил пред себе во времето на создавањето на ракописот, а кои може да се сублимираат во следново: да се дефинира и претстави даночното право; да се потенцираат различните проблеми на кои тоа се однесува; да се објасни поврзаноста на даночното право со другите правни, па и некои нужни економски дисциплини; да се идентификуваат главните предметни области во даночното право објаснувајќи како истите се поврзани меѓусебно и на тој начин соодветно претставени во текстот.

Понудениот ракопис ги исполнува целите за кои е наменет во областа на даночното право и ќе биде корисен за стекнување на неопходните академски но и практични познавања од оваа област. Тој е изработен со примена на методите на научната и научно - истражувачката работа, но и со стил кој овозможува истиот да има едукативна намена, пишуван е со научен и стручен, но едновремено лесен и разбирлив стил за студентите, што воопшто не е лесна задача но што овозможува истиот лесно да се чита, следи и разбере.

## З А К Л У Ч О К

Од претходно изложеното за ракописот на универзитетскиот учебник „***Даночно право***" ***на проф. д-р Сејдефа Џафче***, може да се констатира дека се работи за корисен и вреден, а едновремено оргинален и квалитетен труд, што се занимава со соодветната проблематика. Врз основа на горе наведеното, оценувам дека ракописот на делото „Даночно право" ги исполнува сите критериуми за учебник од соодветната наставно – научна област кој ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења за наведената област. Истиот воедно може да се квалификува и како вреден и корисен труд од соодветната област.

Одовде со големо задоволство му предлагам на Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки, да го прифати ракописот како формален учебник по предметот Даночно право на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН - Скопје.

Скопје, 08.09.2020

Проф. д-р Никола Поповски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**на учебникот под наслов „ДАНОЧНО ПРАВО“ од авторот проф. д-р Сејдефа Џафче - вонреден професор**

Со особена чест и задоволство ја прифатив молбата на проф. д-р Сејдефа Џафче да извршам рецензија на текстот од учебникот со наслов „Даночно право“ напишан од неа.

Текстот на учебникот ми е доставен во електронска форма. Опфаќа 431 страница, формат А-4. Напишан е во фонт Times New Roman, 12, со проред 1,5.

Учебникот претставува самостоен труд на авторот. Текстот е поделен на два дела: општ и посебен дел. Деловите се поделени на оддели, а одделите на глави.

Општиот дел содржи шест тематски целини оддели посветени на општите теориски проблеми на даночното право.

Во првиот оддел авторот сеопфатно ги воведува читателите во проблематиката на даночното право како дел од правниот систем на државата, почнувајќи од поимот на даночното право, преку неговите извори па до односот на даночното право со другите правни дисциплини.

Вториот оддел е посветен на проблематиката на оданочувањето низ призмата на начелата на правната држава. Во овој оддел авторот во две глави ги разработува принципите на даночното право во корелација со уставните принципи и проблематиката на границите на субјективното даночно право на државата која е во тесна врска со нејзините уставни принципи.

Во третиот оддел е содржан сеопфатен осврт на проблематиката на класификацијата на даноците.

Во четвртиот оддел кој е поделен на две глави авторот темелно и сеопфатно ги разработува елементите на даночно правниот однос: даночно управниот однос и даночно имотниот однос.

Петтиот оддел авторот го посветил на проблематиката на законските претпоставки на оданочувањето.

Во шестиот оддел е разработена проблематиката на меѓународните аспекти на оданочувањето. Во овој оддел кој е поделен на четири глави авторот темелно ги разработува прашањата за судирот на даночните јуриздикции при меѓународното двојно оданочување, за договорите за одбегнување на меѓународното двојно оданочување, за меѓународната правна помош во даночните работи и за хармонизацијата на даноците.

Посебниот дел на учебникот е поделен на девет оддели. Во него авторот сеопфатно ја разработува проблематиката на националното даночно право на Република Северна Македонија. Во овој дел разработени се сите видови на даноци и други фискални давачки предвидени со националното даночно законодавство на Републиката. Авторот укажува и на постојните неусогласености меѓу нормативното и фактичкото во даночниот систем на Републиката.

Во седмиот оддел се разработени сите прашања на данокот на личен доход на граѓаните. Во првата глава на овој оддел се разработени општите аспекти на данокот на личен доход, а во втората глава авторот темелно ги разработува видовите на личен доход и нивното оданочување и тоа: данокот на доход од работа, данокот на доход од самостојна дејност, данокот на доход од закуп и подзакуп, данокот на доход од капитална добивка, данокот на доход од продажба на сопствени земјоделски производи, данокот на доход од авторски и други стварни права,

данокот на доход од правата на индустриска сопственост, данокот на доход од добивки на игри на среќа, данокот на доход од осигурување, како и данокот на доход од други добивки.

Осмиот оддел е посветен на проблематиката на данокот на добивка на правните лица. Во првата глава нашироко се објаснети теориските аспекти на овој даночен облик, а во втората глава сеопфатно е разработена правната рамка на данокот на добивка на правните лица во даночниот систем на Република Северна Македонија.

Во деветтиот оддел авторот ги разработува даноците на имот. Првата глава на овој оддел им е посветена на општите и заедничките прашања за овој тип на даноци. Во втората глава е разработен данокот на имот во неговата статична варијанта; во третата глава данокот на наследство и подарок и во четвртата глава данокот на промет на недвижности и права.

Десеттиот оддел започнува со општ осврт на даноците на потрошувачка. По општиот осврт следат две глави. Во првата глава е даден општ осврт на данокот на додадена вредност, а во втората детално е разработен овој даночен облик во даночниот систем на Република Северна Македонија.

Во единаесеттиот оддел е разработена проблематиката на акцизите при што на почетокот е даден општ осврт за акцизите, а во наредната глава е разработена правната рамка на акцизата во Републиката.

Во дванаесеттиот оддел мошне темелно е разработена проблематиката на оданочувањето на моторните возила во Република Северна Македонија. Опфатени се сите видови на моторни возила и е даден осврт на актуелните проблеми на ова оданочување.

Тринаесеттиот оддел е посветен на царините како форма на посреден данок кој се плаќа кога одредена стока ја преминува државната граница и на царинскиот систем на Република Северна Македонија. Во овој оддел детално се разработени актуелните прашања на овој систем.

Четиринаесеттиот оддел на учебникот им е посветен на прашањата на придонесите за социјално осигурување како давачки кои се врзани за непосредните користи на граѓаните во областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување.

Во последниот, петнаесетти оддел на учебникот се разработени таксите (судските, комуналните и административните) како задолжителни парични давачки на физичките и правните лица во Републикава за услугите кои им ги пружаат државните органи и установи како и приватните установи кои вршат јавни овластувања.

На крајот на учебникот е даден обемен приказ на литература на македонски, англиски и други јазици која има непосредна посредна врска со прашањата разработени во него. Ваквиот приказ им овозможува на студентите и другите корисници на учебникот да добијат корисни информации за постоењето на голем број книги, статии, расправи, национални закони и други општи правни акти, меѓународни правни акти, како и бројни случаи од праксата на органите на Европската унија и одделни држави членки на Унијата. Ова на трудот му дава посебен квалитет и претставува неоспорен доказ за големата информираност на авторот за постојната литература од областа на даночното право и во врска со него.

При рецензијата на учебникот забележени се одредени пропусти во систематизацијата на градивото, одредени непрецизности при објаснувањето на одредени термини како и пропусти од лексичка природа за што и е укажано на авторот. По укажувањето авторот веднаш постапи по дадените укажувања. Во врска со ова авторот заслужува комплименти поради подготвеноста да соработува со рецензентот, да разменува мислења со него во врска со проблематиката опфатена со учебникот и да постапува по дадените сугестии.

Конечната варијанта на учебникот е публикација од висок квалитет во која авторот на јасен, и методолошки квалитетен начин ја разработува проблематиката на даночното право. Со вешта примена на принципите на дијалектичкиот метод а особено на принципите на сестраност, развојност, објективност и конкретност авторот ја разработува оваа проблематика целосно, како во меѓународни, така и во национални рамки. Тоа ќе им даде на студентите и другите корисници и читатели на учебникот јасна слика за состојбите во областа на даночното право на меѓународно и национално – македонско рамниште.
Квалитетниот приказ на историскиот развој на даноците и даночното право овозможува согледување на еволуцијата на ова право низ историјата. Широката примена на компаративниот метод дава јасна слика за дијалектичката поврзаност меѓу македонското даночно право и даночните права на другите држави како и за дијалектичката поврзаност на современото даночно право со даночното право во минатото. Авторот мошне успешно ја поврзува теоријата со практиката што на учебникот му дава посебен квалитет.

Авторот проф. д-р Сејдефа Џафче е еден од пионерите во македонското учебникарство од областа на даночното право, а по сеопфатноста на проблематиката, без сомнение е пионер во таа област. Поврзувајќи ја теоријата со практиката таа квалитетно ја презентирала проблематиката на даночното право со лесно разбирлив и за студените пристапен стил. Тоа на нив ќе им овозможи без тешкотии да ја совладаат оваа проблематика и да ги стекнат потребните знаења за успешно извршување на нивните професионални должности како правници во сите области на правната струка, а на останатите корисници и читателите на учебникот ќе им даде сеопфатни и корисни информации за проблематиката на даноците, како од правен, така и од економски и социјален аспект.

Имајќи го предвид напред изложеното, со задоволство можам да констатирам дека учебникот со наслов "Даночно право" напишан од авторот проф. д-р Сејдефа Џафче, претставува високо квалитетна образовна, стручна и научна публикација и препорачувам тој да се издаде.

Во Скопје, на 9 август 2020 година,

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т**
проф. д-р Темелко Ристески, с.р.
редовен професор